| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на системите за порамнување и извршување на трговските трансакции (клиринг и салдирање)** |
| **2.** | **Код** | 50835 |
| **3.** | **Студиска програма** | Деловно право |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар \| **7.** \| **Број на ЕКТС кредити** \| 6 |
| **8.** | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>доц.д-р. Биљана Петревска |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | Нема |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | |
| | Цел на предметната програма по арбитражно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за овој алтернативен начин на решевање на споровите и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- студентите да се запознаат со основните поими за размена, пребивање, новација, порамнување, депонирање, збогатување без основ, плаќање на туѓ долг, реституција на користите примени без основ, работоводството без налог и извршувањето на трговските трансакции во платниот промет и во системот на извршување на трансакциите со хартиите од вредност, тргувањето на кредит (маргина) и обезбедувањето на ваквите трансакции во рамките на системот и надвор од него<br>- студентите да се запознаат со системите за платен промет, системите на девизно работење и системите за порамнување и извршување на трансакциите со хартиите од вредност, за поимот на клириншката куќа, улогата на народните банки, другите банки и учесници во системот, улогата на државниот трезор (таму каде што го има), поимот на фискус, улогата на регулацијата на фидуцијарните односи помеѓу учесниците во системот и улогата на државната ревизија<br>- . студентите да се запознаат со поимот на пари како заменливи движни ствари и поимот на пари како електронски пари, правната регулација на електронскиот пренос на парите, разните видови кредитни и дебитни картички и замената на парите во трговскиот промет.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по право на системи за порамнување и извршување на трговските трансакции ќе ги обработи теоретските аспекти на оваа материја, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира порамнувањето и извршувањето на трговските трансакции. | |

| | |
|---|---|
| | По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото на порамнувањето и извршување на трговските трансакции од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамките на предметот Право за системите за порамнување и извршување на трговските трансакции (клиринг и салдирање) студентите се запознаваат со основните поими за размена, пребивање, новација, порамнување, депонирање, збогатување без основ, плаќање на туѓ долг, реституција на користите примени без основ, работоводството без налог и извршувањето на трговските трансакции во платниот промет и во системот на извршување на трансакциите со хартиите од вредност, тргувањето на кредит (маргина) и обезбедувањето на ваквите трансакции во рамките на системот и надвор од него. Натаму студентите се запознаваат со системите за платен промет, системите на девизно работење и системите за порамнување и извршување на трансакциите со хартиите од вредност, за поимот на клириншката куќа, улогата на народните банки, другите банки и учесници во системот, улогата на државниот трезор (таму каде што го има), поимот на фискус, улогата на регулацијата на фидуцијарните односи помеѓу учесниците во системот и улогата на државната ревизија. Студентите исто така се запознаваат со поимот на пари како заменливи движни ствари и поимот на пари како електронски пари, правната регулација на електронскиот пренос на парите, разните видови кредитни и дебитни картички и замената на парите во трговскиот промет. Во основа предметот ги разгледува правните прописи и регулацијата на системите за платен промет, депонирањето и извршувањето на трансакциите со хартиите од вредност (акции, обврзници, државни хартии од вредност, деривати, опции и свапови).<br>Предметот ја изучува правната регулација на порамнувањето и извршувањето на трговските трансакции и системите преку тоа се врши. |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за платниот промет, Закон за меница, Закон за чек, Закон за Народна Банка на Република Македонија, Закон за банки, Закон за девизно работење, Законот за облигационите односи, Закон за хартиите од вредност, Законот против ограничувањата на конкуренцијата), се изучуваат и соодветните правилници, методологии и други документи што ги носи Народната банка на РМ (Правилник за начинот и постапката за издавање и исплатата на државните хартии од вредност, Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакциите со хартиите од вредност на пазарите преку шалтер итн.) студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

**22. Литература**

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Tina Hasenpusch | Clearing Services for Global Markets, A Framework for the Future Development for the Clearing Industry (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Cambridge University Press | 2009 |
| **2.** | Matthias Haentjens | Harmonization of Securities Law: Custody and Transfer of Securities in European Private Law | Kluwer Law International | 2007 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | | |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | David Loader | Clearing and Settlement of Derivatives | Butterworth-Heinemann | 2005 |
| | | **2.** | D. Friedmann, N. Cohen | Payment of Another’s Debt | Brill/Nojhoff | 1991 |
| | | **3.** | I. Englard | Restitution of Benefits Conferred Without Obligation | Brill/Nijhoff | 1991 |